**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2014 година (арх. бр. 56946/1 од 12.03.2015 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 15.04.2015 година ја донесе следната:

## Предлог Одлука

**за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2014 година**

**Член 1**

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката, остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2014 година подготвени во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија во износ од 2.262.857.170,00 денари (две милијарди двеста шеесет и два милиони осумстотини педесет и седум илјади и сто седумдесет денари), за исплата на бруто дивиденда во која се вклучени сите даноци, каде што е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**